Врз основа на член 41 од Законот за заштита на лични податоци (Службен весник бр. 42/20 ), Генералниот секретар на Црвен крст на РСМ донесе

ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0306-3211
12.01. 2023 год.
СКОПЈЕ

# РЕШЕНИЕ
## за определување на Офицер за заштита на личните податоци во Црвен крст на Република Северна Македонија

1) Се определува Љубица Милосављевиќ за Офицер за заштита на личните податоци во Црвен крст на Република Северна Македонија.

2) Лицето од ставот (1) на оваа Одлука ги врши следните работи:

- учествува во донесувањето на одлуки поврзани со обработката на личните податоци, како и со остварувањето на правата на субјектите на личните податоци,
- ја следи усогласеноста со законот и со прописите донесени врз основа на законот, што се однесуваат на обработката на личните податоци, како и со внатрешните прописи за заштита на личните податоци и со документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци,
- ги изработува внатрешните прописи за заштита на личните податоци и документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци,
- ја координира контролата на постапките и упатствата утврдени во внатрешните прописи за заштита на личните податоци и во документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, предлага обука на вработените во врска со заштитата на личните податоци и
- врши други работи утврдени со закон и со прописите донесени врз основа на законот, како и со внатрешните прописи за заштита на личните податоци и со документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

3) Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Генерален секретар

Д-р Саит Саити

ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ